Врз основа на член 50 став 1 точка 16 а во врска со член 84 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 50 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22) и член 28 став 2 од Правилата за работа на месните заедници на Општина Ранковце(„Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 6/19), Градоначалникот на Општина Ранковце на 13.05.2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за распишување на избори за членови на Советите на Месните заедници на подрачјето на општина Ранковце

### Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови на Советите на месните заедници на подрачјето на Општина Ранковце и тоа на:

-Совет на Месна заедница Опила
-Совет на Месна заедница Одрено
-Совет на Месна заедница Милутинце
-Совет на Месна заедница Отошница
-Совет на Месна заедница Гиновци
-Совет на Месна заедница Герман
-Совет на Месна заедница Ранковце
-Совет на Месна заедница Ветуница
-Совет на Месна заедница Радибуш
-Совет на Месна заедница Љубинце

### Член 2

Изборите за членови на Советите на месните заедници на подрачјето на Општина Ранковце ќе се спроведат во периодот од 16.05.2022 до 31.12.2022 година.

Градоначалникот ќе упати соопштение за свикување на собир на граѓани за подрачјето на секоја месна заедница за избори за членови на Совет на Месната заедница.

### Член 3

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Советите на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните заедници формирана од страна на Советот на Општина Ранковце.

### Член 4

Граѓаните од соодветната месна заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот, часот и местото на одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните на месната заедница ќе биде извршено со истакнување на соопштението на интернет страната на Општина Ранковце, на огласна табла во Општина Ранковце и на видни места на територијата на месната заедница за која што се свикува Собирот на граѓани согласно на Правилата за работа на месна заедница на Општина Ранковце.

### Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 08-605/1**
**13.05.2022 год.**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ